*ОПШТИНА КИЧЕВО*

## *ОПЕРАТИВЕН ПЛАН И ПРОГРАМ*

ПРЕВЕНТИВНА ДЕЗИНФЕКЦИЈА,ДЕЗИНСЕКЦИЈА,И ДЕРАТИЗАЦИЈА
(како дел од општите мерки за спречување и отстранување на заразни болести)

Согласно чл. 3, 5 и 11, а врз основа на чл.12 став 1 точка 4, став 2 и 4 од истиот член, член 14 став 2, како и членовите 41,42,61 став 2, 63 и 64 став 1 точка 3 од Законот за заштита на населението од заразни болести (Сл.в. бр.66/ 2004 на РМ), и Решението и препораките на ДСЗИ, превентивната дезинфекција, дезинсекција и дератизација е пропишана како една од општите мерки за спречување и отстранување на заразните болести.

### *Утврдување на состојбата и процена на ризикот:*

- **Утврдување на состојбата и ризиците:**
  - Поволните климатско биолошки фактори и благите зими во изминативе неколку години исклучително погодуваа за развојот на инсектите мегу кои и комарците, овозможувајки биолошки оптимум во развојниот циклус.

Последната декада ја одбележаа глобални климатски промени кои за последица имаа промени во однесувањето и распространетоста на разни животни носители на вируси и заболувања а со тоа и векторите на трансмисивните болести.

### *Детерминирање на критичните контролни места:*

- **Утврдување на локации за изведување на третманот - живеалишта на комарците:**
  Поделба на територијата на Општина Кичево на неколку сектори според еколошките услови, присуството на лугето и сл;
  - централно градско јадро на Кичево и урбаните заедници во Другово, Вранештица, Осломеј и Зајас;
  - градска депонија и останати диви депонии:
  - урбани градски зелени површини;
  - "Кичевско Кале"
  - шумски појас на потегот "Крушино";
  - Канали и застојни воид на локалитетите:
    -ул„Ужичка„ канал во месноста над железничка станица
    -потег од ОУ„В.Полежиноски„ до Ветеринарна станица
    -потег „Тајм петрол„ до Противпожарна станица
    -потег од Сточен Пазар до Градскиот Пазар

-месност викана „Зеленик„- Србица

- течение на реките Сушица, Зајашка, Темница, Треска, Бачишка, Беличка река
- канал во месноста Арангел
- канал во месноста Лазаровци
- канал во Иванидол

**Детерминирање на критичните контролни места**

**-Утврдување на локации за изведување на третман дератизација**

**Процесот за дератизација ке се врши во Средното и Основните училишта кои се наоѓа на територијата на Општина Кичево**

**-Универзитет Тетово**
**-Универзитет „Климент Охридски„**
**-ОСУ„Мирко Милески„**
**-ОСУ„Дрита„**
**-ОУ„Кузман јосифоски –Питу„**
**-ОУ„Санде Штерјиски„**
**-ОУ„Д-р Владимир Полежиноски„**
**-ОУ„Христо Узунов„Другово**
**-ОУ„Милто Гура„Стрелци**
**-ОУ„Ѓерѓ Кастриоти„Србица**
**-ОУ„Наим Фрашери„Јагол Доленци**
**-ОУ„Фаик Коница„Грешница**
**-ОУ„Речџо Рушит Зајази„Зајас**

**Дератизација ќе се врши и на секоја шахта во Општина Кичево**

**На територија од 693714 km2**

Во секој поединечен сектор се ќе се изврши третирање на:

- ***жаришта***: места за размножување на комарците;
- ***локалитети***: места на кои комарците летаат во потрага по храна;
- ***бариер-зони***: заштитни области околу жариштата и населените места.

- **Известување:**

- Пред секој третман ќе се изврши известување, информирање на јавноста по писмен пат, преку електронските медиуми или во директен контакт со следниве надлежни органи: полиција, противпожарна служба, здравствен центар, здружение на пчелари и итн, за точниот термин на акцијата, видот на препаратот, начинот на изведување на третманот.

## *Мониторинг за изведување на Програмата:*

- **Надзор и контрола на изведувањето:**
  Го вршат претставници на нарачателот на услугите и стручен тим на изведувачот.

  .

- **Вкупна површина предвидена за третирање:**
  *2x800 ХА.*

- **Параметри на спроведување на просторното теристичко УЛВ распрскување:**
  Ќе се врши следење и контрола на следниве параметрите во текот на непосредното изведување:

  - ***Микро-метеоролошки услови:***
    -температура;
    -брзина на ветер:
    -стабилност на воздух;
    -карактер на топлотна инверзија

## *Успешност на Програмот:*

Оценката на успешноста подразбира:

- оценка на ефикасноста и
- оценка на безбедноста на третманот што е изведен.

Оценката ја даваат нарачателот на услугата и стручен тим на изведувачот.

***Изготви:***
**Инг- биотехнолог Емилија Петкоска**
**Бр. _________**
**________2017 год.**
**Кичево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КИЧЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Аќиф Медиу**
______________________________